До: Министерство за социјална политика демографија и млади

Предмет: Барање за финансиска и институционална поддршка на советувалишта и сервиси за поддршка на жртви на семејно и родово базирано насилство во Тиквешкиот Регион

Почитувани,

Здружението за родова еднаквост „Визија" Кавадарци како давател на социјални услуги и оператор на Регионалниот советувалиштен центар за жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилтво, се обраќаме со барање за обезбедување финансиска и институционална поддршка за понатамошно функционирање и развој на постојните и развој на нови сервиси за поддршка на Тиквешкиот регион.

Регионалниот советувалиштен Центар за жртви на семејно насилство обезбедува бесплатна правна помош, психосоцијална поддршка, психотерапевтско советување, информирање и упатување на жртвите кон надлежните институции, со што претставува значаен механизам за заштита и поддршка на граѓаните од општините Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Росоман.

Имајќи ја предвид зголемената потреба од ваков вид услуги, како и потребата од нивна одржливост и унапредување, Ве молиме да ја разгледате можноста за:

- Обезбедување финансиска поддршка за континуирано функционирање на советувалиштата и сервисите за поддршка на жртви на семејно и родово базирано насилство
- Институционална поддршка за развој и проширување на услугите
- Вклучување на локалните сервиси во националните програми и политики за заштита и поддршка на жртвите
- Зајакнување на меѓусекторската соработка помеѓу институциите и граѓанските организации кои работат во оваа област
- Можност за изработка на конкретен план за отворање на засолниште за долгорочен престој на жртви на семејно насилство во Тиквешкиот регион

Воедно, предлагаме организирање на работна средба во Кавадарци на која би учествувале претставници на Министертвото за демографија и млади, Центарот за социјална работа, претставници на локалните самоуправи и граѓанските организации кои сервисираат социјални услуги. Целта на средбата би била унапредување на меѓусекторската соработка, промовирање на достапните социјални услуги и подобра координација на поддршката за жртвите на семејно и родово базирано насилство.

Сметаме дека обезбедувањето континуирана поддршка за жртвите на насилство претставува заедничка одговорност на државните институции, локалните самоуправи и граѓанскиот сектор.

Ве известуваме и дека Здружението „Визија“, како членка на редакцијата на медиумот на заедницата *Локал Актив Вардар*, изработи истражувачка сторија во која пошироко е анализиран проблемот на недостиг на поддршка со кој се соочуваат жртвите на семејно насилство во Тиквешкиот регион. Сторијата на тема „ Стотици жртви на семејно насилство, а ниту едно засолниште во Тиквешкиот Регион“ можете да ја најдете на овој линк. Барањата кои ги упатуваме до вас со овој допис произлегоа од истражувањето што авторките на текстот го спроведоа во рамки на сторијата.

Веруваме дека преку заедничка соработка ќе придонесеме кон поефикасана заштита на жртвите, унапредување на квалитетот на услугите и создавање на посигурна и поддржувачка средина.

Датум: 12.06.2026

Со почит,
Претседателка на
Здружението за родова еднаквост „Визија” Кавадарци
Благица Коцева Тодорова

Здружение за родова еднаквост ВИЗИЈА Кавадарци